„А"

**До:** **Главен извршен директор на НБГ**
**Г-н Пол Милонас**

**Датум:** 24.06.2019

**Предмет:** **Реакција на образложението за неприфаќање на барањето за конверзија на приоритетни акции во обични акции**

Почитуван г-н Милонас,

Го разгледавме внимателно образложението упатено до имателите на приоритетни акции на Стопанска банка АД Скопје (Банка) во врска со предлогот за конверзија на приоритетните во обични акции што тие го доставија за одлучување до Собранието на Банката. Во образложението вие нотирате неколку аргументи со кои сакате да докажете дека нема основа и интерес од страна на НБГ Атина (НБГ) за да се прифати предлогот за конверзија, при што заклучокот го базирате на аргументите поврзани со корпоративните активности преземени од страна на НБГ без да ги имате предвид и бенефитите за имателите на обични акции, особено за мнозинскиот сопственик, што се резултат од тие активности, од една страна, и штетата што ја нанесувате на имателите на приоритетни акции, од друга страна.

Имено, вие го засновате вашето објаснување за неприфатливоста да се изврши конверзија на приоритетните во обични акции на следното:

1. Зголемувањата на капиталот извршени во 2000, 2001 и 2002 биле направени само од сопствениците на обични акции.

   Со овие емисии на акции се издадени обични акции и НБГ со купување на акциите по цена во висина на номиналната вредност на акциите го зголемила својот удел во капиталот на Банката. Имено, уделот на **НБГ се зголемил од 63,32% на 73,04%**, уделот на IFC и EBRD останал непроменет (двете по 10,80%), **уделот на останати акционери се намалил од 15,07% на 5,36%.**

2. Загубата од работењето од 2002 е покриена со отпис на капиталот преку намалување на номиналната вредност на обичните акции.

   Со отписот на капиталот не е извршено намалување на бројот на акциите, со што имателите на обичните акции го задржале на исто ниво уделот во капиталот на Банката:

   NBG : IFC : EBRD : други = 70,88 % : 10,80 % : 10,80 % : 7,52 %

   чија вредност растел постојано со порастот на книговодствената и на пазарната вредност на капиталот.

   Како резултат, приносот од инвестицијата (ROI) на НБГ од влезот во Банката во 2000 година заклучно со 2018 година мерено преку книговодствена вредност на акциите изнесува 260%.

3. Само имателите на обичните акции одлучиле да ја докапитализираат Банката преку задржување на добивките почнувајќи од 2005 година па и во наредните години.

   Приоритетните акции издадени од Банката се партиципативни и по тој основ и тие не добиле дополнителна дивиденда од добивката остварена во наведените години и на тој начин

допринеле за зголемување на капиталот и на сите важни аспекти на денешната позиција на Банката.

4. За поддршка на растот на бизнисот е зголемен регулаторниот капитал преку два субординирани долгови користени во 2006 и во 2008 година, кои се исплаќани од работењето на Банката без да се влијае на дивидендниот принос на приоритетните акции.

   Долгот од 45 милиони евра е отплатуван од редовното работење на Банката, а каматите како трошок ја намалувале добивката на Банката, од што корист имал само мнозинскиот акционер, НБГ Атина, кој остварил приходи од камати од овие долгови во вкупен износ од 767.009.000 денари или околу 12.472.000 евра. Докапитализација нема влијание на дивидендниот принос на приоритетни акции, затоа што дивидендата на овие акции е задолжителна обврска на издавачот во износ како што е утврдена, но со плаќањето камата на долгот на НБГ е намалена добивката во тие години со што се намалуваат можните дивиденди што имателите на овие акции, кои се и партиципативни, би го добиле по тој основ како дел од добивката во годините кога се плаќала камата на долгот.

Ние, како акционери на Банката, го разбираме и го цениме придонесот на НБГ за заздравување на Банката и остварување добивки од работењето, но од успешното работење на Банката очигледно само имателите на обични акции имале корист. Очекуваме НБГ, како мнозински акционер и со потекло од земја членка на ЕУ, да ги почитува принципите на доброто корпоративно управување и да предлага и усвојува одлуки со кои ќе одржува рамноправен третман на сите акционери и нема да им нанесува штета на малцинските акционери без право на глас.

НБГ, при одбивањето да го прифати предлогот за конверзија на приоритетните во обични акции, не ги зема предвид причините за давање на ваков предлог од страна на имателите на приоритетните акции, кои наспроти немање право на глас, се оштетени со одлуките за распределба на добивките што ги предлагаат претставниците на НБГ. Стопанска Банка АД Скопје, која е целосно контролирана од НБГ, применува дивидендни политики кои се само во корист на имагелите на обични акции, а на штета на акционерите без право на глас, така што предлагала одлуки со кои им е исплатувано дивиденда во износ кој се намалувал секоја година по преземањето на Банката и за 19 години износот на дивиденда по акција се намалил за 83% и не исплаќала дел од добивката како дополнителна дивиденда на приоритетните акции, како што е утврдено во актот за емисија на акциите на Банката.

Со надеж дека со овој допис придонесовме да се објасни и од друг аспект барањето за конверзија на приоритетните акции во обични акции издадени од Банката,

Со почит,

Влатко Ташковски
(сопственик и претставник на 43% од приоритетните акции на последното Собрание на акционери на Банката)

"6"

# ШЕМАТСКИ ПРИКАЗ НА РЕГУЛАТИВА И ОДЛУКИ НА СОБРАНИЕ НА СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ

**ЗТД**
**Класи на приоритетни акции**
Член 279
(1) **Приоритетните акции можат да бидат кумулативни и партиципативни.**
(2) Кумулативната приоритетна акција му дава на сопственикот право на наплата на акумулираните неплатени дивиденди пред наплатувањето на какви било дивиденди на сопственикот на обични акции.
(3) **Партиципативната приоритетна акција му дава на сопственикот, покрај утврдената (фиксна) дивиденда, и право на исплата на дивиденда којашто им припаѓа на сопствениците на обични акции.**

**Распределба на дивиденда**
Член 487
(1) По одобрувањето на годишната сметка и на финансиските извештаи и утврдувањето на постоењето добивка за распределба, собирот на содружниците, односно **собранието** го определуваат делот којшто им се доделува на содружниците, односно на акционерите во форма на дивиденда, **според правата што ги дава уделот, односно според родот и класата на акциите.**

**ЗОО**
Член 223
Хартија од вредност е **писмена исправа со која нејзиниот издавач се обврзува дека ќе му ја исполни на нејзиниот законит имател обврската запишана на таа исправа.**

Член 224
(1) Хартијата од вредност мора да ги содржи следниве суштествени состојки:
4) **точно означена обврска на издавачот што произлегува од хартијата од вредност;**

**ЗХВ**
Член 5
Издавачот на хартии од вредност е **должен да ги извршува обврските кои произлегуваат од хартиите од вредност утврдени со овој или друг закон.**

Член 7
(1) **При секое издавање на хартии од вредност, издавачот е должен да донесе акт за издавање кој во зависност од видот на хартиите од вредност ги содржи следниве податоци:** - видот на хартиите од вредност; - родови и класи на акции; - **начин на исплата на дивиденда; - права кои произлегуваат од приоритетните акции.**

**ОДЛУКИ ЗА ЕМИСИЈА НА АКЦИИ НА СБ**

**Обичните акции имаат:**
- **право на глас и**
- **право на дивиденда** чиј **износ се утврдува со Одлука на Собранието** на Банката за распределба на добивката.

- **Приоритетните акции немаат право на глас.**
- Ги одредил приоритетните акции како **кумулативни и партиципативни класи** на акции преку **наведување на правата** кои произлегуваат од приоритетните акции:
  (1) **Право на (гарантирана) фиксна дивиденда** (т. 8) која се исплаќа (т.9) и кога Банката нема да оствари добивка во износ кој е доволен да го покрие износот на вкупниот број на акции (н.з. приоритетни и обични).
  (2) **Право на кумулативен износ на дивиденда** (т.10) кога Банката не остварила добивка доволна за исплата на утврдениот гарантиран износ на дивидендата и
  (3) **Право на учество (т.11) во распределбата на добивката на Банката** (н.з. кога Банката ќе оствари добивка над износот потребен за исплата на гарантирана дивиденда на приоритетните акции и го исполнува законскиот услов за распределба на добивката) **врз основа на Одлука на Собранието** на Банката, а најмногу до износот што ќе го добијат имателите на обични акции.

**ОДЛУКИ НА СОБРАНИЕТО НА СБ за распределба на добивката**

Целиот износ од добивката определен за дивиденда им се доделува на имателите на обичните акции

- Го утврдува износот на гарантирана дивиденда
- Од износот од добивката определен за дивиденда **нема дел за имателите на приоритетните акции**

# Релација помеѓу
# Член 20 од Закон за хартии од вредност (1989 година) и
# Одлука за втора емисија на акции на Стопанска банка АД Скопје 20.06.1991

Страна 1586 – Број 64 — СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ — Петок, 20 октомври 1989

**Член 20**

Одлука за издавање на акции во претпријатието, во организацијата за осигурување и во друго правно лице донесува работничкиот совет, соодветниот орган на управување на издавачот, односно основачот.

Со одлуката за издавање на акции се утврдуваат особено: називот на издавачот на акции; ознаката дека акцијата гласи на доносител или на име; вкупниот износ на кој се издаваат акции и бројот на акциите; номиналната вредност на акциите, бројот на гласови што го дава акцијата, ако се стекнува право на управување во согласност со член 13 од овој закон; начинот на исплата на дивидендата; времето на уписот на акции; начинот на уписот на акции; кај кого и во кој рок се врши уплата на средствата за купување на акции; во кој рок се врши поврат на уплатените средства во случај на откажување од издавањето на акции; видот на акциите; редоследот на остварувањето на првенство кога приоритетните акции се издаваат во повеќе серии; начинот на објавување на издавањето на акции; постапката за распределба и дистрибуција на акциите; начинот на плаќање на акциите; утврдувањето на условите за исплата на кумулативната дивиденда; поднесувањето на ризикот; начинот на располагање со акциите; можноста за замена – конвертирање на акциите; правата што ги остварува имателот на приоритетна акција; правото на приоритетно купување на имателите на акции при новото издавање на акции и други прашања во врска со издавањето на акции.

Со одлуката за издавање на акции може да се предвиди издавање на потврда со која се потврдува дека имателот го поседува бројот на акциите означен во потврдата.

Потврдата од став 3 на овој член може да се користи само како легитимација за учество во собранието на акционери со определен број гласови.

| Член 20 ( ЗАКОН ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ – СЛ 64/1989 )<br>Со одлуката за издавање на акции се утврдуваат особено: | Точки од Одлука за 2. емсија на акции на СБ (20.06.1991) |
|---|---|
| - називот на издавачот на акции; | 1. Стопанска банка А.Д. – Скопје (во натамошниот текст: Банка) го зголемува својот основачки фонд со издавање на акции од втората емисија во согласност со Законот за хартии од вредност. |
| - ознаката дека акцијата гласи на доносител или на име; | 6. На претпријатијата и другите правни лица ќе им се издаваат акции на име. На физичките лица ќе им се издаваат акции на доносител. |
| - вкупниот износ на кој се издаваат акции и бројот на акциите; | 2. Во втората емисија, Банката ќе реализира издавање на две серии на акции во вкупна вредност од<br>Дин. 2.000.000.000.-<br>(две милијарди динари). |

| Член 20 ( ЗАКОН ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ – СЛ 64/1989 )<br>Со одлуката за издавање на акции се утврдуваат особено: | Точки од Одлука за 2. емсија на акции на СБ (20.06.1991) |
| --- | --- |
| | од кои:<br>- серија "0" обични акции со вкупен износ од Дин. 1.600.000.000.-<br>- серија "1" приоритетни акции во вкупен износ од Дин. 200.000.000.-<br>Акциите ќе се издадат како поделни апоени со висина на номиналната вредност од Дин. 1.000.- со следната структура:<br>- 1.600.000.- обични акции од серијата "0"<br>- 200.000.- приоритетни акции од серијата "1" |
| - номиналната вредност на акциите; | 3. Номиналната вредност на акциите изнесува 1.000 динари. |
| - бројот на гласови што го дава акцијата, ако се стекнува со право на управување во согласност со член 13 од овој закон; | ): Купувачите на обичните акции стекнуваат право на еден глас во Собранието на Банката со купување на акции најмалку во износ од Дин.100.000.<br>Купувачите кои поединечно немаат потребен број на акции за стекнување право на еден глас во Собранието, меѓусебно одредуваат делегат што ќе учествува во работата на Собранието. |
| - начинот на исплата на дивидендата; | 13. Дивидендата се исплатува одеднаш најдоцна во рок од 30 дена од денот на усвојувањето на Одлуката на Собранието на Банката за годишната пресметка.<br>14. Дивидендата на обичните акции може да се капитализира доколку се донесе одлука на Собранието на Банката.<br>За капитализираната дивиденда, Банката ќе издаде соодветен број на обични акции и ќе постапи соодветно на законските прописи.<br>15. Правото на дивиденда тече од денот на извршената уплата на на име откуп на акции од страна на уплатувачот.<br>16. Вкупниот износ на дивидендите по обичните акции се дели на основачите според процентот на учеството на секој акционер во вкупниот влог. |
| - времето на уписот на акции; | 18. Запишувањето на акциите почнува со датата на одобрувањето за издавање долгорочни хартии од вредност и трае 6 месеци. |
| - начинот на уписот на акции; | 4. Запишувањето на обичните акции можат да го вршат правни домашни и странски лица.<br>5. Запишувањето на приоритетните акции можат да го вршат домашни физички лица и странски правни и физички лица. |

| Член 20 ( ЗАКОН ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ – СЛ 64/1989 )<br>Со одлуката за издавање на акции се утврдуваат особено: | Точки од Одлука за 2. емсија на акции на СБ (20.06.1991) |
|---|---|
| | 26. За запишувањето и уплатата на акциите Банката ќе му издаде на акционерот потврда за запишани и уплатени акции со која се потврдува дека имателот располага со сопственоста на средствата вложени во основачкиот фонд на Банката, односно акциите. |
| - кај кого и во кој рок се врши уплата на средствата за купување на акции; | 18. Запишувањето на акциите почнува со датата на одобрувањето за издавање долгорочни хартии од вредност и трае 6 месеци.<br>20. Запишувањето и уплатата на акциите за правни лица се врши во Дирекцијата за средства во Централата, односно во соодветните стручни служби на Главните филијали и филијали на Банката.<br>21. Запишувањето и уплатата на акциите за физичките лица се врши на шалтерите на Главните филијали и филијали на Банката. |
| - во кој рок се врши поврат на уплатените средства во случај на откажување од издавањето на акции; | 22. Во случај ако Банката се откаже од емисијата за акциите или ако се констатира недоволно запишан износ на име акции, Банката во рок од 30 дена ќе врши враќање на уплатените средства и тоа: |
| - видот на акциите; | - серија "0" обични акции во вкупен износ од<br>- серија "1" приоритетни акции во вкупен износ од |
| - редоследот на остварувањето на првенство кога приоритетните акции се издаваат во повеќе серии; | |
| - начинот на објавување на издавањето на акции; | 17. Запишувањето на акциите се врши врз основа на јавен повик во средствата за информирање. |
| - постапката за распределба и дистрибуција на акциите; | |
| - начинот на плаќање на акциите; | 20. Запишувањето и уплатата на акциите за правни лица се врши во Дирекцијата за средства во Централата, односно во соодветните стручни служби на Главните филијали и филијали на Банката.<br>21. Запишувањето и уплатата на акциите за физичките лица се врши на шалтерите на Главните филијали и филијали на Банката.<br>23. Уплатата [illegible] средства, права и предмети.<br>25. Како дата на уплата се смета датата на запишување во акционерската книга.<br>27. Акционерите немаат право на враќање на средствата кои се уплатени на име купување на акции освен во случај Банката да се откаже од емисијата. |

| Член 20 ( ЗАКОН ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ – СЛ 64/1989 )<br>Со одлуката за издавање на акции се утврдуваат особено: | Точки од Одлука за 2. емсија на акции на СБ (20.06.1991) |
| --- | --- |
| - утврдувањето на условите за исплата на кумулативната дивиденда; | 10. Доколку Банката не оствари добивка доволна за исплатата на утврдениот гарантиран износ на дивидендата, имателите на приоритетните акции ќе имаат право на кумулативна дивиденда, односно на наплата на заостанатата дивиденда во наредните години. |
| - поднесувањето на ризикот; | |
| - начинот на располагање на акциите; | 26. За запишувањето и уплатата на акциите Банката ќе му издаде на акционерот потврда за запишани и уплатени акции со која се потврдува дека имателот располага со сопственоста на средствата вложени во основачкиот фонд на Банката, односно акциите.<br>28. Пред продажбата на акциите на име на трети лица, сопственикот на акции е должен акциите кои сака да ги отуѓи под истите услови да ги понуди на откуп на останатите акционери на Банката.<br>Понудата од страна на имателот на акцијата се поднесува писмено преку Банката и го обврзува понудувачот 30 дена од денот на нејзиното предавање.<br>Прометот на акции вршен спротивно на овие одредби на Банката е ништожен.<br>Наредниот купувач (наследникот на сопственикот на акциите на име) ги стекнува сите права означени на акцијата со упис во акционерската книга која ја води Банката. |
| - можноста за замена – конвертирање на акциите; | |
| - правата што ги остварува имателот на приоритетна акција; | 8. Гарантираната (фиксната) дивиденда на приоритетните акции се утврдува во висина на каматата на средствата на штедните влогови и депозити на граѓаните орочени на 1 година, зголемена за 1 (еден) процентен поен.<br>9. Доколку Банката не оствари добивка во износ кој е доволен да го покрие износот на дивидендата на вкупниот број на акции, остварениот дел од добивката Банката ќе го распредели само на акционерите кои имаат приоритетни акции со (гарантирана) фиксна дивиденда, а најмногу до висина на остварениот дел на добивката.<br>11. Врз основа на Одлуката на Собранието на Банката, имателите на приоритетни акции можат да стекнат право на учество во распределбата на добивката на Банката како варијабилен дел во висина што ќе ја утврди Собранието, но најмногу до износот што ќе го добијат имателите на обични акции. |

| Член 20 ( ЗАКОН ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ – СЛ 64/1989 )<br>Со одлуката за издавање на акции се утврдуваат особено: | Точки од Одлука за 2. емсија на акции на СБ (20.06.1991) |
|---|---|
| - правото на приоритетно купување на имателите на акции при новото издавање на акции; | 24. Право на првенство во купувањето на акции од втората емисија имаат досегашните акционери на Банката. |
| - и други прашања во врска со издавањето на акциите | 19. Запишувањето на акции е извршено доколку е запишано 51% од износот на емисијата.<br>29. За сè што не е регулирано со оваа одлука, ќе се применуваат одредбите од Одлуката за основање на Стопанска банка А.Д. - Скопје и Статутот на Банката. |
| | |
| Член 13<br>**II. АКЦИЈА**<br>**Член 13**<br>**Акција е исправа за сопственоста над средствата вложени во претпријатие, во банка, во друга финансиска организација, во организација за осигурување и во друго правно лице кое може да стекнува добивка.**<br>**Имателот на акција стекнува право на учество во добивката а зависно од видот на акцијата, може да има и право на учество во управувањето.** | 12. Со Одлуката на Собранието на Банката за распределба на добивката се утврдува износот на дивидендата кој ќе биде исплатен на имателите на обичните акции. |